АКомисијата за заштита на конкуренцијата согласно член 28 став (3), а во врска со член 57 и член 67 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија “ бр 145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија “ бр.208/24) на седница одржана на ден 27.11.2024 година ги донесе следните

Насоки за подготовка на недоверливи верзии на решенија донесени согласно Законот за заштита на конкуренцијата[1]

1.Со цел постигнување на транспарентност во работењето на Комисијата за заштита на конкуренцијата, Законот за заштита на конкуренцијата (,, Службен весник на Република Македонија “ бр.145/10, бр.136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и„Службен весник на Република Северна Македонија “ бр.208/24) (во понатамошниот текст: Законот) во членот 67 (Одлуки и податоци што се објавуваат во "Службен весник на Република Македонија") предвидува обврска за Комисјата за заштита на конкуренцијата (КЗК) и Комисијата за одлушување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата (КОП) своите одлуки да ги објавува во Службен весник на Република Северна Македонија, како и на својата веб страна .

Согласно наведениот член 67од Законот:

„(1) Во "Службен весник на Република Македонија" се објавуваат решенијата на Комисијата за заштита на конкуренцијата и на Комисијата за одлучување по прекршок од член 19 став (1) точка 2), член 19 став (3), член 20 став (1) точка 1), 2), 3) и 4), член 21 став (1), член 22 став (1), член 23 став (1), член 45, член 51 став (1) и член 52 став (1) од овој закон.
(2) Решенијата на Комисијата за заштита на конкуренцијата и Комисијата за одлучување по прекршок, како и пресудите, односно решенијата на судот се објавуваат на веб страницата на Комисијата за заштита на конкуренцијата.
(3) Објавениот текст на решението мора да ги содржи имињата на учесниците во постапката и основната содржина на решението.
(4) На веб страницата на Комисијата за заштита на конкуренцијата се објавуваат и известувањата за концентрациите со наведување на називите на учесниците, седиштето, основните деловни активности на учесниците, како и формата на концентрацијата, при што се повикуваат сите заинтересирани лица во рокот определен во известувањето да поднесат свои коментари, мислења и забелешки во врска со предметната концентрација.

(5) Податоците кои се деловна или службена тајна, во смисла на членот 57 од овој Закон, не се објавуваат.“

[1] Овие Насоки се усогласени со Насоките за подготовка на недоверлива верзија на решениејата кои Европската Комисија ги донела согласно Регулативата за спојувања.

2. Законодавецот исто така предвидува и обврска за КЗК, односно КОП и за вработените за почитување/односно не откривање/не објавување на податоци кои претставуваат службена, односно професионална тајна.

Имено сиогласно наведениот член 57 од законот (Деловна или службена тајна)

„(1) Претседателот и членовите на Комисијата за заштита на конкуренцијата, претседателот и членовите на Комисијата за одлучување по прекршок и вработените се должни да ја чуваат деловната или службената тајна без оглед на кој начин ја дознале. Обврската за чување на деловната или службената тајна трае пет години по престанокот на работниот однос во Комисијата за заштита на конкуренцијата или по престанокот на мандатот на Претседател или член на Комисијата за заштита на конкуренцијата.
(2) Лицата од ставот (1) од овој член не смеат во јавноста да даваат изјави со кои може да се наруши угледот на претпријатието, како и изјави за мерките што ги презеле, односно постапките што ги покренале во вршење на работите од своја надлежност, до нивна конечност освен ако не е во прашање објавување на општа информација.
(3) Под деловна тајна од ставот (1) од овој член се подразбира особено:

1) тоа што со закон и други прописи е определено како деловна тајна и
2) тоа што претпријатието ќе определи дека претставува деловна тајна, ако Комисијата за заштита на конкуренцијата или Комисијата за одлучување по прекршок го прифати таквото определување.

(4) Комисијата за заштита на конкуренцијата, односно Комисијата за одлучување по прекршок ќе прифати определување на податоци како деловна тајна доколку се работи за податоци кои имаат економска или пазарна вредност и чие откривање или употреба може да доведе до економска предност за други претпријатија.
(5) При оценка на податоците во смисла на став (4) од овој член, особено се применуваат следните критериуми:
1) обемот во кој податокот е познат надвор од претпријатието;
2) обемот во кој се преземени мерки за заштита на тајноста на податоците во претпријатието и
3) вредноста на податоците за претпријатието и неговите конкуренти.
(6) Како деловна тајна во смисла на одредбите од овој закон, по правило не се сметаат:
1)податоци кои се јавно достапни, односно кои јавно се објавуваат врз основа на друг пропис или одлука на органите на управување на претпријатието;
2) податоци постари од 5 години, независно од фактот дали биле сметани за деловна тајна;
3) приходите содржани во годишните финансиски и статистички извештаи кои не претставуваат деловна тајна, бидејќи истите се јавно објавени;
4) податоци и документација од одлучувачко значење за одлуките на Комисијата за заштита на конкуренцијата, односно Комисијата за одлучување по прекршок.

(7) Претпријатието е должно при доставување на податоци кои се определени како деловна тајна, определувањето на податоците за деловна тајна да го оправда со наведување на објективни причини.“

3. Во согласност со општите принципи споменати погоре, КЗК односно КОП дава колку што е можно повеќе информации достапни за јавноста и се воздржува од откривање информации само до степен до кој тоа е покриено со нејзината должност зачување на деловна или службена тајна или други исклучоци од јавната политика. Според Законот под деловна тајна се подразбира особено тоа што:
- со закон и други прописи е определено како деловна тајна и
-тоа што претпријатието ќе определи дека претставува деловна тајна,
при што во вториот случај законодавецот дава право и обврска на КЗК односно КОП да го разгледа барањето и да утврди дали и кој дел од барањето за заштита на деловна тајна ќе биде прифатено.
КЗК односно КОП ќе прифати определување на податоци како деловна тајна доколку се работи за податоци кои имаат економска или пазарна вредност и чие откривање или употреба може да доведе до економска предност за други претпријатија.

4. Согласно воспоставената пракса, КЗК односно КОП во исполнување на обврската од член 67 од Законот, во Службен весник на Република Северна Македонија го објавува дипозитивот на решението, додека на веб страната на КЗК се објавува решението во целост – недоверлива верзија, односно верзија која не содржи деловна или службена тајна.

5. Со цел појаснување на начинот на изготвување на недоверлива верзија на решенијата, како и појаснување на тоа што меже претпријатијата да декларираат како деловна тајна во ова упатство е соржано објаснување за тоа:
а) кои претпријатија можат да бараат заштита/необјавување на деловна тајна и доверливи информации и што обично не се смета за доверлива информација;
б) како може да се бара заштита/необјавување на деловни тајни и други доверливи информации;
в) што КЗК односно КОП вообичаено не го објавува по сопствена иницијатива во недоверливата верзија на решението и
г) постапката што треба да се следи за да се поднесе барањата за доверливост во контекст на објавување на решенијата на КЗК односно КОП и поврзаните публикации.

6. Ова Упатство се однесува само на подготовката на недоверлива верзија на решенијата на КЗК односно КОП и поврзани публикации и не опфаќа подготовка на недоверливи поднесоци од страна на претпријатијата во смисла на определување на деловна тајна при доставување на податоци согласно член 34 став (3), член 40 став (4), член 41 став (4), член 48 став (6) а во врска со постапката за увид во списи од член 56 од Законот.

1. Што може а што не може да се определи како деловна тајна

7. Претпријатијата можат да бараат доверливост за деловни тајни и други доверливи информации кои не треба да се содржани во недоверливата верзија на решенијата на КЗК односно КОП и поврзани публикации. Барањето за доверливост може да се достави од учесниците во постапката или од кое било друго претпријатие кое доставило информации до КЗК односно КОП во текот на постапката.

1.1 Деловна тајна

8. Согласно член 57 став (4) од Законот, КЗК односно КОП ќе прифати определување на податоци како деловна тајна доколку се работи за податоци кои имаат економска или пазарна вредност и чие откривање или употреба може да доведе до економска предност за други претпријатија. Односно за деловна тајна се сметаат доверливи информации за деловната активност на претпријатието, чиешто откривање може да доведе до сериозна штета за претпријатието.
Согласно член 57 став (7) од Законот, претпријатието е должно при доставување на податоци кои се определени како деловна тајна, определувањето на податоците за деловна тајна да го оправда со наведување на објективни причини.

9. Типични примери на информации кои може да се квалификуваат како деловна тајна во решенијата се:
а)структура на трошоците и методи за проценка на трошоците за производство и дистрибуција;
б) пресметки на маржи и структура на цените;
в) производни тајни[2] и процеси, како и информации кои се однесуваат на знаење и умеење (know how) на претпријатието;
г) извори на снабдување;
д) произведени и продадени количини;
ѓ) пазарни удели[3];
е) списоци на клиенти и дистрибутери;
ж) деловни и маркетинг планови, продажна политика и стратегија, стратешки одлуки и
з) информации за финансиската состојба на претпријатието, вклучително и договори за финансирање.

1.2 Други доверливи информации

10. Други доверливи информации се информации различни од деловните тајни, доколку нивното откривање значително би наштетило на некое лице или претпријатие. Интересите

[2] Тајни, планови кои имаат комерцијална вредност, формула, процес или направа која се користи за правење, подготовка, составување или производство на производи и кој може да се смета за краен производ на иновацијата или значителниот напор.
[3] Пазарните удели, КЗК однодно КОП ќе ги замени со опсег на пазарен удел како што е утврдено во Анекс 1 на овие Насоки.

на кои може да им се нанесе штета со објавувањето мора, објективно, да бидат оправдани. Во зависност од специфичните околности на секој предмет, ова може да вклучува информации што ќе им овозможат на учесниците во постапката да ги идентификуваат подносителите на барањата или другите трети страни каде што тие имаат оправдано барање да останат анонимни.

1.3 Информации кои не се сметаат за доверливи

11. Проценката дали некоја информација претставува деловна тајна или друга доверлива информација ја врши КЗК, односно КОП за секој предмет посебно. Генерално информациите кои не се опфатени со горенаведените дефиниции за „деловна тајна“ и „други доверливи информации“ “ нема да се смета за доверливи.
12. Согласно член 57 став (6) од Законот „како деловна тајна во смисла на одредбите од законот, по правило не се сметаат:
1)податоци кои се јавно достапни, односно кои јавно се објавуваат врз основа на друг пропис или одлука на органите на управување на претпријатието;
2) податоци постари од 5 години, независно од фактот дали биле сметани за деловна тајна;
3)приходите содржани во годишните финансиски и статистички извештаи кои не претставуваат деловна тајна, бидејќи истите се јавно објавени;
4)податоци и документација од одлучувачко значење за одлуките на Комисијата за заштита на конкуренцијата, односно Комисијата за одлучување по прекршок.“

13. Имено, КЗК односно КОП , како пример, сметаат дека следните категории на информации вообичаено не се сметаат за доверливи:

а) сопствената проценка на КЗК односно КОП, се додека КЗК односно КОП експлицитно не упатува на информации кои спаѓаат во категоријата „деловна тајна“ или „други доверливи информации“. Ова ја опфаќа, на пример, анализата на КЗК односно КОП за содржината на внатрешните документи и анализата на КЗК односно КОП за резултатите од нејзината анализа на пазарот, вклучувајќи и писмени наводи од учесниците во истражувањето на пазарот;
б) општиот опис на КЗК односно КОП за функционирањето на пазарите кои се предмет на анализа;
в) информации кои се јавно достапни, вклучувајќи информации достапни само со плаќање преку специјализирани информативни услуги (сепак, ограничувањата на авторските права мора да се почитуваат во вториот пример);
г) Информации кои ја изгубиле својата комерцијална важност, на пример поради текот на времето. Имено во горецитираниот член 57 став (6) од Законот, периодот од пет години сам по себе е доволен за информацијата да ја изгуби својата квалификација како деловна тајна или друга доверлива информација. Информациите може да се сметаат за доверливи, само по исклучок, доколку претпријатието може да покаже дека, и покрај нивната историска

природа, тие сè уште претставуваат суштински елемент на комерцијалната позиција на засегнатото претпријатие;
д) информации што се општо познати меѓу професионалците во областа (на пример општо знаење меѓу инженерите или лекарите);
ѓ) статистички или збирни информации (на пример во форма на графикони)
е) наведување дека пазарниот удел е над или под одредено ниво и/или дека претпријатието е поголемо од неговите конкуренти;
ж) аргументи изнесени од учесниците во постапката, на пример, кои се однесуваат на податоци за пазарниот удел, доколку тие експлицитно не се однесуваат на информации кои спаѓаат во категоријата „деловна тајна“ или „други доверливи информации“.

14.Неисцрпна листа на примери за информации кои нема да се сметаат за деловна тајна согласно горенаведените категории е дадена во Анекс 2 на овие насоки.

15. Во исклучителни случаи, доколку за горенаведените информации сепак се бара заштита на доверливост, мора да се наведат детални и оправдани причини за секое барање за отстапување од горенаведените принципи.

2. Постапка за доставување на барање за доверливост

16. Претпријатието може да бара доверливост на текстот на решението или поврзаните публикации во рокот определен од Комисијата (вообичаено во рок од 8 дена од приемот на решението, односно поврзаните публикации).

17. Општо земено, претпријатието не може да бара доверливост за цел документ или цели делови од него.

18. Ако претпријатието сака да бара доверливост за информациите што не треба да се појавуваат во недоверливата верзија на решението или поврзаните публикации, потребно е:
а) да ги идентификува сите информации во решението кои ги доставило претријатиетието во текот на постапката, а за кои смета дека претставуваат деловна тајна, односно доверливи информации, како што е опишано во деловите 1.1 и 1.2 погоре;
б) писмено да го поткрепи секое барање за доверливост, објаснувајќи особено:
- зошто конкретните информации претставуваат деловна тајна или други доверливи информаци и
- како објавувањето на оваа информација би предизвикало сериозна штета на претпријатието или значително би наштетило на некое лице или претпријатие и
- кои интереси за кои е потребна заштита би биле оштетени со објавувањето и
в) да ги означи во текстот на одлуката, на начин што ќе остане читлив (со прозирен маркер во боја, или електронски засенето), секој текст што содржи информации што претпријатието ги смета за деловна тајна или доверлива информација.

19. Претпријатието треба да и ги достави на КЗК односно КОП сите релевантни детали за да и овозможи да ја процени доверливоста на дел од информацијата и го оцени од една страна, јавниот интерес т.е. да се осигура дека активностите на КЗК односно КОП се одвиваат на најтранспарентен можен начин и од друга страна, легитимниот интерес за заштитата на доверливите информации.

20. Заради ефикасно постапување, барањата за доверливост треба да се презентираат во формат „табеларно“ според следниот модел:

Број на страна и број на пасус од таа страна од оригиналното решение	Информација за која се бара доверливост	Причина за барање за доверливост
Стран 7, пасус 3		Оваа информација не е позната надвор од претпријатието и најзиното откривање ќе доведе до.....

Согласно член 57 став (5) од Законот при оценка на доверливоста на податоците, особено се применуваат следните критериуми:
„1) обемот во кој податокот е познат надвор од претпријатието;
2) обемот во кој се преземени мерки за заштита на тајноста на податоците во претпријатието и
3) вредноста на податоците за претпријатието и неговите конкуренти.“

21. Доколку за некои од податоците обележани како деловна тајна, КЗК, односно КОП сепак утврди дека не претставуваат деловна тајна и како такви треба да бидат објавени, КЗК односно КОП, пред конечно да одлучи за доверливоста ќе побара од претпријатието истите да ги оправда со дополнителни и детални аргументи.

22. Доколку учесниците во постапката не достават барање за доверливост на информации во наведениот рок, КЗК односно КОП ќе сметаат дека решението не содржи податоци кои претставуваат деловна тајна и истото ќе биде објавено во целост.

3. Податоци кои КЗК, односно КОП сами ги отстрануваат во недоверливата верзија од решенијата

23. Покрај барањата за необјавување на доверливи податоци, КЗК, односно КОП може да ги оттстрани од недоверливата верзија од решенијата, меѓу другото и следните податоци и информации:
а) лични податоци, во согласност со Законот за заштита на личните податоци;

б) во зависност од специфичните околности на секој предмет: информации обезбедени од трети страни за претпријатија кои можат да извршат многу значителен економски или комерцијален притисок врз нивните конкуренти или врз нивните трговски партнери, клиенти или добавувачи и
в) воени тајни.

АНЕКС 1

Опсег на пазарни удели кои се користат/објавуваат во недоверливата верзија на решенијата донесени согласно Законот за заштита на конкуренцијата

Со цел да се подготви недоверлива верзии на решенијата, учесниците во постапката се должни во рок од 8 (осум) дена од приемот на решението да достави/ат до КЗК односно КОП, предлог на недоверлива верзија на решението, во која се јасно обележани деловите кои претставуваат деловна тајна и како такви не треба да бидат објавени во Службен весник на Република Северна Македонија и на веб страницата на Комисијата за заштита на конкуренцијата.

Во однос на пазарните удели, освен во исклучителни случаи, следните опсези на пазарни удели се соодветни за заштита на деловни тајни содржани во решение.

Опсези кои се користат во недоверлива верзија:

Помеѓу 0 и 4,99%	[0-5]%
Помеѓу 5.0 и 9,99%	[5-10]%
Помеѓу 10.0 и 19,99%	[10-20]%
Помеѓу 20.0 и 29,99%	[20-30]%
Помеѓу 30.0 и 39,99%	[30-40]%
Помеѓу 40.0 и 49,99%	[40-50]%
Помеѓу 50.0 и 59,99%	[50-60]%
Помеѓу 60.0 и 69,99%	[60-70]%
Помеѓу 70.0 и 79,99%	[70-80]%
Помеѓу 80.0 и 89,99%	[80-90]%
Помеѓу 90.0 и 100%	[90-100]%

Анекс 2

Примери на информации кои не се сметаат за доверливи

КЗК ги дава следните примери на информации кои вообичаено не се сметаат за доверливи

А) сопствената проценка на КЗК, се додека таа експлицитно не се однесува на информации кои спаѓаат во категоријата „деловна тајна“ или „други доверливи информации“: ова ја опфаќа на пример анализата на КЗК за содржината на внатрешните документи и анализата на КЗК за резултатите од нејзиното пазарно истражување, вклучувајќи и цитати од учесниците во истражувањето на пазарот;

Пример	Оценка на доверливоста
„Претпријатието А нема да има право на вето врз стратешките одлуки во претпријатието Б по трансакцијата.“	Овие информации се засноваат на сопствената анализа на КЗК и не може да ги прифати како деловна тајна. Дополнително, доколку претпријатиета А имаше стратешко право на вето, тиоа ќе требаше поднесе известување чиј идентитет ќе треба да биде објавен на веб-страницата на КЗК.
„Врз основа на горенаведеното и земајќи ги предвид најновите деловни планови на претпријатието А, КЗК заклучува дека претпријатието А најверојатно нема да може да продолжи да го финансира претпријатието Б.“	Овој тип на информации не може да се прифатат како деловна тајна бидејќи се заснова на сопственото образложение на КЗК и не се повикува на каква било експлицитна деловна тајна.
„Во однос на резултатите од студијата обезбедени од страна на подносителот на известувањето, КЗК смета на нив неможе целосно да се потпре поради многу елементи, како што се сомнежи за репрезентативноста на примероците и прецизните околности на анкетите. На	

резултатите од анкетите не може целосно да се потпре поради недостигот на информации за типот на кукли кои се користат за играње или украсување и фактот што некои продавници нудат широк спектар на артикли, како кукли и други видови играчки. Затоа, не може да се потврди заклучокот дека постои цврста врска помеѓу времето поминато во продавница и купувањето кукли за играње или за украсување.“	
„Со оглед на тоа што палетата на производи на целното претпријатие моментално се дистрибуира од трета страна во неколку земји, неговиот удел на пазарот е веројатно потценет. По концентрацијата, претпријатието што стекнува контрола, највероајтно, ќе ја дистрибуира палетата на производи на целното претпријатие со сопствената палета и ќе ги раскине договорите за дистрибуција на целното претпријатие.“	
„Подносителот на известувањето тврди дека на високо ниво на EBITDA на претпријатието А не е показател за добри деловни перформанси. Постои несовпаѓање во изјавите на подносителот на известувањето, бидејќи ниските нивоа на EBITDA се тврдеа како показател за лоши деловни перформанси во минатото, додека моментално високите нивоа на EBITDA не се показател за добри деловни перформанси.“	
„Анализата не го поткрепува тврдењето на подносителот на известувањето дека условите на договорите што претпријатието А и претпријатието Б ги добиваат од [прифатено како деловна тајна]* и [прифатено како реловна тајна]* се еднакви. Дополнително, КЗК заклучува дека во однос на сите купувачи, претпријатието А добива подобри услови на договорите за многу важни аспекти од преговорите. Имено, условите на договорите што претпријатието А ги добива од помали	

клиенти се [прифатено како деловна тајна]* отколку условите на договорите што претпријатието А ги добива од поголеми купувачи.“	
„Добавувачите основани во земјата А активно ги таргетираат клиентите преку границата во североисточниот регион на земјата Б. Така, увозот игра важна улога како конкурентно ограничување за учесниците во концентрацијата, како што се потврдува од внатрешните документи. Видете на пример презентација на Одборот од 1 април 2002 година, „Земја Б и земја А: Стратешки изгледи за вториот квартал од 2002 година“, страница 208.“	Во случај како што е овој, насловот на внатрешниот документ не може да се смета за деловна тајна бидејќи самиот тој не упатува на некоја експлицитна деловна тајна.

Б) Општиот опис на КЗКза функционирањето на пазарите кои се предмет на анализата;

Пример	Оценка на доверливост
„Како резултат на економската криза, побарувачката за оваа стока постојано се намалува во последните три години. Како резултат на тоа, погоните во областа работат со намалени нивоа на искористеност на капацитетите. Резервни капацитети во погоните во сопственост на учесниците во концентрацијата и конкурентите во оваа земја е во просек 50%, а во некои случаи и до 60%.Ова предизвикува надолен притисок врз цените и пониски маржи за добавувачите. Конкурентите и купувачите во голема мера го потврдија ова во рамките на пазарната анализа.“	Овој тип на информации не може да се смета за деловна тајна бидејќи генерално ја опишува конкурентската динамика на даден пазар и не се однесува на некоја експлицитна деловна тајна.
„Имено, подносителот на известувањето и неговите главни конкуренти вообичаено користат проценки за уделот на пазарот обезбедени од претставникот на индустријата, кога преговараат со купувачите.“	

В) Информации кои се јавно достапни, вклучувајќи информации достапни само при плаќање преку специјализирани информативни услуги (сепак, ограничувањата на авторските права мора да се проверат во вториот пример);

Пример	Оценка на доверливост
„1908 беше година на високи финансиски загуби за претпријатиео А. Според финансискиот годишен извештај на претпријатието за 1908 година. Нето загубата на претпријатието А се зголеми од 999 милиони евра во 1907 година на 9 999 милиони евра во 1908 година. Претпријатието А го припишува најголемиот дел од загубите на целосниот отпис на неговата инвестиција во претпријатието Б (8 888 милиони евра) и други оштетувања, ревалоризации на средства и загуби од прекинатите операции.“	Доколку информациите вклучени во овој пример би биле достапни од јавните годишни сметки, тие не би можеле да се сметаат за деловна тајна.
„Дури и најголемите купувачи кои купуваат кукли, имено претпријатието А и претпријатието Б, [прифатена деловна тајна]*, моментално не се активни во сите земји на ЕЕА. Тоа го потврдуваат и купувачите и конкурентите.“	Доколку информациите вклучени во овој пример би биле достапни на пазарот, тие не би можеле да се сметаат за деловна тајна.
„Засегнатите претпријатија имаат комбиниран светски приход од повеќе од 10 милиони евра (А: 5.2 милиони евра; Б: [прифатена деловна тајна]*).“	Приходот на засегнатите претпријатија во повеќето случаи е јавно достапен и затоа не може да се смета за деловна тајна. Сепак, дури и ако приходот на засегнатото претпријатие е јавно достапен, приходотт на групата на која и припаѓа може да се третира како доверлив, доколку не е јавно достапен. Исто така, понекогаш приходот остварен на светскиот пазар е јавно достапен, но приходот на националниот пазар не е. Како последица на тоа, во такви случаи, КЗК би се согласила да го прифати како деловна тајна приходот остварен на националниот пазар.

Г) Информации кои претставуваат општо знаење меѓу специјалистите во областа (на пример општо знаење меѓу инженерите или лекарите),

Пример	Оценка на доверливост
„Во контекст на пазарната анализа, општите лекари и специјалистите изјавија дека лекот А обично се препишува како прва линија на третман за нарушувања од типот Х, додека лекот Б е посоодветен за нарушувања од типот З, што значи дека не одговараат на иста медицинска состојба. Лекот А и Б затоа не се заменливи од медицинска перспектива“	Оваа информација е општо познат за експертите од областа на медицината и затоа не може да се смета за деловна тајна.

Д) Статистички или збирни информации (дури и во форма на графикони, на пример);

Пример	Оценка на доверливост
Табела10:Вкупна потрошувачка на тикви во земјата(Q1 од 2018 и 2019) _____ Произ на тиква Q1 2018 2019 разл Домашна потр 3448 -19,25% Извоз 1010 607 -39,90% Вкупно 5280 4055 -23,20	Оваа информација нема да се смета за деловна тајна бидејќи би била составена од сите податоци доставени од конкурентите без да се наведат поединечните удели.

Ѓ) Уделот на пазарот е над или под одредено ниво и/или дека претпријатието е поголемо од неговите конкуренти;

Пример	Оценка на доверливост
„Најголемиот конкурент на споените претпријатија ќе биде за половина помал па дури и четири или повеќе пати помал од големината на споеното претпријатие.“	Оваа информација не е деловна тајна затоа што се наведува само општ праг без да наведе прецизна бројка.

Е) аргументи изнесени од учесниците во концентрацијата, на пример кои се однесуваат на податоци за уделот на пазарот, доколку тие експлицитно не се однесуваат на информации кои спаѓаат во категоријата „деловна тајна“ или „други доверливи информации“.

Пример	Оценка на доверливост
„Подносителот на известувањето ја оспорува веродостојноста на податоците за пазарните уделот утврдени од здружението. Подносителот на	Оваа информација не е доверлива бидејќи се однесува на аргументите на

известувањето наведува дека, во некои случаи, податоците за пазаните удели ја потценуваат пазарната позиција на помалите продавници и го преувеличуваат заедничкиот пазарен удел на големите продавници. Подносителот на известувањето укажува на ограничувањата на податоците. На пример, пдоносителот на известувањето тврди дека бидејќи проценките на пазарните удели утврдени од здружението не го покриваат целиот пазар (а продажбите исклучени од опфатот на анкетите се веројатни продажби направени од помали продавници), елементот што се користи за проценка на целата големина на пазарот е само шпекулација на некои вработени членови на здружението“.	подносителот на известувањето во врска со податоците достапни за учесниците на пазарот.
„Подносителот на известувањето изјавува дека, според општото гледиште во индустријата за играчки, куклите за танцување се најважниот деловен модел во развој и тој ќе продолжи да се развива и ќе биде многу значаен во иднина.“	
„Подносителот на известувањето наведува дека: (а) не може да се бори против падот на пазарот на друг начин и има мотив да развие нови продавници кои продаваат кукли со што ги одвратува купувачите да прават свои кукли; (б) Продавниците што продаваат одредени видови кукли создаваат значителни приходи; и (в) Загриженоста дека подносителот на известувањето има некаков поттик да го блокира растот на продавниците кои продаваат одредени видови кукли не е во согласност со ставот на КЗК дека политиката на подносителот на известувањето е да склучува договори [прифатена деловна тајна]*.“	

Завршни одредби

Со донесувањето на овие насоки престануваат да важат Насоки за начинот на изготвување на недоверлива верзија на решенијата на Комисијата за заштита на конкуренцијата (решенија кои не содржат податоци што претставуваат деловна тајна) (февруари 2011)